# СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2038.**

Врз основа на член 136 став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24 и 74/24) и член 21 став (1) алинеја 15) во врска со член 78 став (1) алинеја 13) од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.46/23), Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на седницата одржана на 12.4.2024 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИТЕ ЗА РАБОТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ОБЛАСТА НА СТОМАТОЛОГИЈАТА

Член 1

(1) Во Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/17) во член 2 став (1) износите за висината на трошоците се менуваат и гласат:

- во точката 1. износот „2.800,00“ се заменува со износот „3.500,00“;
- во точката 2. износот „600,00“ се заменува со износот „1.000,00“;
- во точката 3. износот „2.600,00“ се заменува со износот „2.900,00“;
- во точката 4. износот „3.200,00“ се заменува со износот „3.500,00“;
- во точката 5. износот „60.000,00“ се заменува со износот „66.000,00“, а износот „30.000,00“ се заменува со износот „33.000,00“.

(2) Во став (2) точка 4., зборот „Пријавата“ се заменува со зборот „Барањето“.

(3) Во став (6) точка 4., зборот „пријава“ се заменува со зборот „барање“.

Член 2

(1) Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето согласност од министерот за здравство.

(2) Овој правилник ќе се објави и во списанието на Комората и на интернет-страницата на Комората.

Бр. 02-463/7
12 април 2024 година
Скопје

Собрание на Стоматолошка комора на Македонија,
д-р **Борис Стојанов,** с.р.